Датум: 21.12.2016, 17:15

Ми се допаѓа 2

ИЗЛОЖБА НА СТОТИНА ДЕЛА ВО ДАУТ-ПАШИНИОТ АМАМ

РЕТРОСПЕКТИВА НА ВАНГЕЛ НАУМОВСКИ КОГО ГОЛЕМИОТ ДАЛИ ГО НАРЕЧЕ СЛИКАР ОД БАЈКИТЕ



Весна И. Илиевска

Македонската јавност првпат ќе има шанса на едно место да види стотина дела од Вангел Наумовски, еден од нашите најеминентни ликовни уметници. Некои од нив ќе бидат првпат јавно изложени утревечер, во 19 часот, во Даут-пашиниот амам во Старата скопска чаршија.

На поставката, која ќе биде отворена до крајот на февруари ќе бидат застапени дела од творечки фази на Вангел Наумовски, а ќе биде промовирана и монографија за изложбата. Многумина велат дека секој збор што се бара за да се опише овој охридски сликар е непотребен - бидејќи тој е секогаш повеќе од тоа. Самоукиот сликар, кој сиот свој работен век лебдел помеѓу наивата и надреализмот создаде уметност за која дозна сиот свет, а преку него и за Охрид и за Македонија.

Познатиот Салвадор Дали кога ја посетил изложбата на Наумовски во галеријата „Мона Лиза“ во Париз во 1970 година рекол:

- Ова е сликар од бајките. Тој е наивен сликар, но Медитеранот оставил силен печат кај него. Мошне е префинет, суптилен. Ова е комплетна изложба. Неговото сликарство е блиско до моето. Мене не ме интересираат обичните наивни сликари. Кај Наумовски има и елементи што може да бидат дури и научни. Исто така интересна е биолошката страна на неговото сликарство.

Секогаш актуелен, сензибилен

Изложбата ја организира Националната галерија на Македонија, а ја подготви куратерот Маја Чанкуловска-Михајловска, кустос во галеријата. Според неа, премалку е ако се каже дека сликарството на Вангел Наумовски се одликува со исклучителна препознатливост. Иако е самоук сликар, тој е меѓу малиот број уметници од Македонија што достигнуваат најголема афирмација надвор од нашата земја уште за време на своите најактивни творечки години. Со автентичен и препознатлив ликовен израз надвор од уметничките трендови, секогаш актуелен, сензибилен и повеќестрано креативен, на почеток е забележан во историјата на југословенската ликовна уметност како најистакнат претставник на т.н. наивна уметност, определби што се менуваат подоцна поради констатациите за неговото тежнеење кон фантастичниот надреализам.

- И кај нас и во светот, Наумовски секогаш е претставуван како уникатен пример на сликар на чудесниот свет на длабочините на езерото и комплексноста на космосот, на задоволството, жената и љубовта... Неговите поетски слики со виртуозен потег го доловуваат светот на границата помеѓу сонот и јавето, меѓу земјата и космосот, царствата на растенијата и цвеќето, убавините на охридските нимфи - вели Чанкуловска-Михајловска.

Сликарството го сметал за своја судбина

Таа објаснува дека истражувачкиот проект за ретроспективната изложба и монографското издание се дел од програмските активности на Националната галерија на Македонија за оваа година, што е во согласност со мисијата за репрезентативното одбележување на уметниците што се застапени во постојаната поставка и во колекцијата на македонската ликовна уметност на НГМ. Делата се од повеќе државни и јавни институции во земјава, од приватни галерии, од семејството на авторот и од многу приватни сопственици.

Како и неговото творештво, животот и творечкиот пат на Вангел Наумовски (1924-2006) може да се наречат - фантастична приказна.

- Од позиција на неверојатен, искрен однос кон создавањето, па с` до неговиот надреален развој до славен сликар, се чини дека прима дури легендарни примеси - вели Чанкуловска-Михајловска.

Наумовски уште кога бил многу мал, пројавил интерес за уметноста, но поради егзистенцијални потреби, бил принуден да работи како градинар, ѕидар, колар, продавач на лимонада и столар. Морал да го напушти училиштето, но тоа не го спречило да ги развива своите склоности. Сепак, во 1946 година успеал да се запише во Средното уметничко училиште во Скопје.

- Но, веројатно поради својот веќе вроден израз, кој подоцна ќе се покаже како уникатна вредност наспроти строгите канонски академски правила, тој е исклучен од училиштето уште во втората година како „неталентиран“.

НАЈНОВИ ВЕСТИ

Астрофизичарот Стивен Хокинг прв, тројца Хрвати на листата на 30 најинтелигентни луѓе на светот

Концерт на култните „Лачни Франз“ на платото пред МОБ

Пратеникот од СДСМ Павле Богоевски учествувал и организирал демонстрации против Вучиќ

Вонпарламентарни десноориентирани партии во служба на СДСМ може ќе станат дел од новата влада

Оризот засеан само на половина од планираната површина

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

facebook



НАЈКОМЕНТИРАНО НАЈЧИТАНО ПРИЈАТЕЛИ

Бугарите му се настрвија на Путин поради писменоста од македонската земја

Болни амбиции и државно раскрчмување

Загадување посилно од судбината

Фашистички калифат

Пентагон не знае каде е оружјето вредно милијарда долари за ирачката армија

Ова бил тежок емотивен удар за Наумовски, кој и покрај недокрај формализираното образование, не се откажал од самостојното занимавање со сликарството, кое го сметал за своја судбина - вели Чанкуловска-Михајловска.

#

Препорачај 2 луѓе го препорачуваат ова. Биди прв од твоите пријатели.

ОСТАНАТИ ВЕСТИ

- Наградата „Јасмин“ врачена на новинарите Аљуш Камбери и Тони Димков
- Промоција на Институтот за македонска литература

Оставете коментар за објавената вест

Од кого:

Коментар:

*Внесете го кодот во празното поле

0194

КОМЕНТИРАЈ

АНТЕНА >>

ПУБЛИКА >>

ЗДРАВЈЕ >>

© 2006 - 2013 Дневник | Сите права задржани | Powered by Nextsense webBuilder XML